# ИЗВАДОК од ЗАПИСНИКОТ
## од седницата на
## СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

одржана on-line, преку платформата ZOOM, на 11.06.2021 година (14:00 часот)

Седницата на Совет за безбедност и здравје при работа (понатаму Совет), втора во текот на 2021 година, поради актуелната состојба предизвикана од глобалната пандемија на COVID-19, се одржа on-line користејќи ја платформата за организирање на виртуелни состаноци Zoom. Седницата ја отвори претседателката на Советот, Проф. Д-р Јасмина Чалоска, утврдувајќи дека се присутни 11 (единаесет) членови.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот:

- Јасмина Чалоска,
- Јованка Караџинска Бислимовска
- Ќире Ицев,
- Тодор Шендов,
- Даниела Китанова
- Сашо Коруновски
- Тони Војнески,
- Дарко Дочински,
- Иван Пешевски,
- Сашо Столески и
- Борче Стојчевски

Пред отпочнување на дискусијата по однос на точките предвидени за оваа седница, имајќи во превид дека во меѓувреме се направени позначајни измени во составот на Советот, Претседателката ги поздрави и им посака добредојде и успешна работа на новите шест членови, номинирани од страна на матичните организации и здруженија (два од Организацијата на работодавачи на Македонија, три од Сојузот на синдикати на Македонија и претставникот на здруженијата на стручни лица за безбедност при работа). Истовремено им се заблагодари и на досегашните членови на Советот, особено на Милан Петковски, на Димитар Наумов и на Владо Додевски, кои долги години беа членови на Советот и со својата работа и залагање дадоа исклучително значаен придонес во работата на ова тело. Присутните новоименувани членови на Советот беа замолени на кратко да се претстават да дадат основни информации за себе, своето искуство во областа на БЗР итн.

**Дневен ред** на Седницата:

1. Усвојување на Записникот од првата Седница на Советот во 2021 година, одржана на 30.03.2021 год.;
2. Избор на потпретседател на Советот за БЗР;
3. Разгледување на предлог-забелешки и мислења по предлог измени и дополнувања на подзаконски акти предложени од МЗЗПР и ИЈЗ;
4. Предлог препораки за работодавачите за услугите од БЗР;
5. Тековни информации;
6. Разно.

1. **Усвојување на Записникот од Седницата на Советот одржана на 30 март 2021 година**

Записникот беше едногласно усвоен од страна на членовите на Советот, по внесување на корекција, на барање на претставник од Институтот за јавно здравје, доставено до Претседателката на Советот.

2. **Избор на потпретседател на Советот за БЗР**

Согласно Деловникот за работа на Советот за безбедност и здравје при работа, поради престанокот на членството во Советот на г-динот Димитар Наумов од ОРМ кој беше досегашен потпретседател, на предлог на дел од членовите, **г-ѓата Даниела Китанова** (претставник од ОРМ), беше едногласно избрана за потпретседател.

3. **Разгледување предлог-забелешки и мислења по предлог измени и дополнувања на подзаконски акти предложени од МЗЗПР и ИЈЗ**

Во рамките на оваа точка, членовите дискутираа по однос на доставените документи, како и забелешките и коментарите кои досега беа доставени од дел од организациите/институциите застапени во Советот. Исто така, дискусија беше водена и во однос на тоа дека е неопходно во иднина да се промени и начинот и процедурата согласно која се дискутира по однос на добиени предлози, иницијативи и сл. доставени до Советот. Имено, пред таквите иницијативи да се доставуваат до членовите на Советот за БЗР на изјаснување или коментирање, тие првично да бидат детално разгледани од страна на ресорното министерство, како законодавец, кое би направило и првични консултации, доколку е потребно, и би ја оценило потребата и неопходноста од понатамошно „процесирање“ на наведената иницијатива. Потоа, откако таквиот предлог/иницијатива ќе биде „исфилтриран“ и соодветно прочистен или ревидиран од законодавецот, дури потоа да се достави како предлог за консултации и коментари до Советот за БЗР.
Во однос на конкретните предлози и иницијативи од МЗЗПР и ИЈЗ, Советот заклучи сите досега добиени мислења и ставови да се проследат до Министерството за труд и социјална политика, за истите понатаму да бидат разгледани во рамки на работната група со претставници од неколку релевантни институции, која е во фаза на формирање.

4. **Предлог препораки за работодавачите за услугите од БЗР**

Во овој дел, членовите дискутираа по однос на иницијативата и заклучокот од минатата седница на Советот, за подготовка на одредени документи кои би претставувале своевидни препораки до работодавачите за тоа што тие би требало да очекуваат да добијат како услуга од страна на овластените здравствени установи и од стручните лица по безбедност при работа кои ги ангажираат во своите компании, а со тоа постепено да се влијае и кон подобрување на обемот и квалитетот на самите услуги. Во меѓувреме се подготвени и доставени до Советот два документи кои ќе можат да послужат како предлог за финализирање на овие препораки. Едниот добиен документ се однесува на услугите од овластените здравствени установи по медицина на трудот, а вториот ги опфаќа услугите кои ги даваат стручните лица и овластените субјекти за вршење на работи од областа на безбедност при работа. Идејата е откако овие препораки ќе се финализираат од страна на Советот за БЗР, истите да бидат објавени (меѓу другото и на web-страната на МТСП) и да се достапни до сите работодавачи, како би им биле од помош при реализација на активностите и услугите поврзани со БЗР, во рамки на компаниите. Дискусија по однос добиените документи имаа неколку членови на Советот, кои имаа одредени конкретни коментари и забелешки и се согласија дека би требало овие документи дополнително да се доработат во форма на насоки (или препораки) за работодавачите, имајќи во предвид дека постојат случаеви кога тие реално можеби и не се целосно свесни или не знаат што треба точно да очекуваат и каков квалитет на документи и услуги треба да добијат од тие со кои склучиле договори за БЗР, туку без поголеми забелешки го прифаќаат тоа што им се испорачува.
Се заклучи членовите на Советот да достават свои дополнителни коментари, сугестии и предлози во врска со веќе подготвените документи и во однос на тоа дали и како сметаат дека би требало да се прилагоди нивната содржина, со цел да се направат во форма на концизни и не премногу обемни препораки (или насоки, примери на добра пракса и сл.).

**5. Тековни информации**

Во рамки на оваа точка од дневниот ред присутните членови на Советот за БЗР беа информирани за одредени активности од областа на БЗР чија што реализација е во тек или кои се неодамна реализирани.

Претседателката на Советот информираше за напредокот и моменталниот статус во подготовката на новата национална Стратегија за БЗР за периодот до 2025 година, како и за Акцискиот план за следните години кој паралелно се подготвуваат. Во врска со Акцискиот план, од сите членови на Советот беше побарано во консултација со своите организации/институции/здруженија кои ги претставуваат, да достават конкретни активности кои планираат да бидат реализирани во наредниот тригодишен период, во насока на остварување на приоритетните цели од Стратегијата.

Претставникот од МТСП информираше за напредокот во подготовката на новиот Правилник за БЗР при рачно пренесување на товар, кој после долги и опсежни консултации со различни страни и неколкукратни прилагодувања и усогласувања, се наоѓа во завршна фаза на подготовка и се очекува да се финализира и оваа активност.

Беше споделена и информација во врска со состојбите поврзани со постапката за доделување на националната Награда за компании со најдобра пракса за БЗР, која беше времено прекината и одложена поради состојбите со пандемијата на COVID-19. Бидејќи оценката на системите за БЗР се врши од страна на тричлени комисии од стручни лица и доктори по медицина на труд, со директни посети и непосреден увид во состојбите на лице место во компаниите, Советот претходно донесе одлука овие активности да се одложат за подоцна кога епидемиолошките услови пред сѐ, ќе го овозможат тоа. Во тек е формирањето на комисиите од страна на номинираните стручни лица за БР и медицина на трудот кои веќе од јули, би можеле и да отпочнат со посетите во некои од пријавените (23) компании. Планот е прогласувањето на најдобрите и доделувањето на наградите да се реализира во октомври, за Европската недела на БЗР, доколку условите го дозволат тоа.

Претставникот од МТСП информираше за одредени активности поврзани со Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) и тоа за претстојниот (on-line) семинар кој ќе се одржи на 22.6.2021 со учество на претставници од земјите од регионот и експерти од неколку ЕУ членки. Семинарот е во организација на EU-OSHA и е на тема БЗР и работа од дома/работа од далечина („teleworking“). Покрај тоа информираше и дека EU-OSHA на наше барање изврши превод и печатење на одредена количина промотивни материјали (постер, флаер, брошура) за тековната кампања на ЕУ за БЗР, посветена на мускулно-скелетните нарушувања поврзани со работата.

Подготвил:
Секретар на Советот за БЗР
*Дарко Дочински*

Претседател на Советот за БЗР
*Проф. Д-р Јасмина Чалоска*